Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

септември, 2020 година

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## СОДРЖИНА

Резиме ....2

1. Реален сектор

Индустриско производство ....3

Број на работници во индустријата ....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....6

Инфлација ....7

Берзански цени .... 8

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ....10

Увоз .... 11

Салдо на трговска размена ....12

Валутна структура....13

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ....13

Буџетски расходи според економската класификација....15

Буџетско салдо.. ....16

Расходи по буџетски корисници....16

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенција за вработување....18

Плати ....19

Пензии ....20

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари....21

Депозитен потенцијал ....22

Кредити на банките....23

Каматни стапки на депозитни банки....23

Пазар на капитал ....24

Девизни резерви....24



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

септември, 2020 година

- Индустриското производство во септември 2020 година забележа пад од 4,1% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во септември 2020 година се зголемија за 1,9% во однос на септември 2019 година;
- Во периодот јануари - септември 2020 година извозот забележа пад од 15,2%, а увозот од 13,2%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 6,2%, споредено со истиот период од 2019 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - септември 2020 година изнесуваа 136.035 милиони денари, односно 20,4% од БДП, што претставува пониско остварување за 7,5% во однос на истиот период од 2019 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – септември 2020 година изнесуваа 171.900 милиони денари, односно 25,8% од БДП, што е за 10,7% повеќе во однос на истиот период од 2019 година;
- Вкупните кредити на банките во септември 2020 година се зголемија за 7,3% во споредба со септември 2019 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 6,1%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Индустриското производство во септември 2020 година забележа пад од 4,1% во споредба со истиот месец претходната година, што претставува ублажување во однос на падот во претходните месеци. Намалување на производството се јавува во сите сектори, и тоа: Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 13,2% и негативен придонес од 1,6 п.п., Преработувачка индустрија од 1,9% и негативен придонес од 1,4 п.п., како и Рударство и вадење камен од 9,7% и негативен придонес од 1,1 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Раст на производството во септември 2020 година бележат 10 од вкупно 27 индустриски гранки коишто сочинуваат 27,2% од вкупната индустрија. Од гранките со позначително учество во структурата, раст е забележан кај производството на метали од 14,7% и придонес од 0,6 п.п., како и кај производството на други неметални минерални производи од 16,2% и придонес исто така од 0,6 п.п.. По носечкиот придонес во ублажувањето на падот во изминатиот период, производството на фармацевтски производи и препарати забележа значително понизок раст од 3,5% и придонес од само 0,1 п.п.. Меѓу гранките со повисока додадена вредност, раст на производството е забележан единствено кај производството на машини и уреди од 4,1% со придонес од 0,4 п.п., додека пад на производството се јавува кај моторните возила од 3,4% со придонес од -0,4 п.п., кај фабрикуваните метални производи од 3,7% со придонес од -0,1 п.п. и кај електричната опрема од 0,6% и незначителен придонес. Традиционалните гранки главно бележат пад којшто кај прехранбената индустрија изнесува 13,6% со придонес од -1,3 п.п., кај производството на тутунски производи 24,6% со придонес од -0,4 п.п., кај производството на текстил 9,6% со придонес исто така од -0,4 п.п., а кај производството на облека 1,5% со придонес од -0,1 п.п..

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, септември 2020 година)*




Извор: ДЗС.

Согласно поделбата по наменски групи, раст на производството е забележан единствено кај интермедијарните производи, освен енергија од 5,0% и придонес од 1,4 п.п., како и кај капиталните производи од 2,4% и придонес од 0,5 п.п..

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, септември 2020 година)*




Извор: ДЗС.

На кумулативна основа, во првите девет месеци од 2020 година е забележан пад од 12,1%, што се должи на намаленото производството во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 12,4% (придонес од -9,5 п.п.), Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 12,1% (придонес од -1,5 п.п.), и Рударство и вадење камен од 9,9% (придонес од -1,1 п.п.). Од индустриските гранки, највисок придонес во растот и натаму има производството на фармацевтски производи и препарати од 0,5 п.п. при раст од 16,2%.

Според намената на произведените единици, пад во периодот јануари – септември 2020 година бележат сите гранки, а падот е најзиразит кај групата Капитални производи од 20,0% и придонес од -4,6 п.п..

## Број на работници во индустријата

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Бројот на работници во индустријата во септември 2020 година е намален за 4,7%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 5,1%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,6% и Рударство и вадење камен од 0,7%. Сепак, постојат неколку гранки во коишто се вработуваат лица дури и во услови на кризата предизвикана од пандемијата, а двоцифрени стапки на раст се забележани кај поправката на

машини и опрема од 40,9%, како и кај производството на основни фармацевтски производи и препарати од 15,4%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во септември 2020 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека намалување на бројот на работници има кај сите групи, а тоа е најизразито кај трајните производи за широка потрошувачка и интермедијарните производи, освен енергија од по 5,7%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – септември 2020 година бележи пад од 4,7%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори, односно Преработувачка индустрија од 5,1%, Рударство и вадење камен од 1,0% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,8%.

Во поглед на наменските групи, бројот на работници во индустријата во првите девет месеци од 2020 година е намален кај сите групи, а падот е најизразит кај групата Трајни производи за широка потрошувачка од 7,5%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во септември 2020 година е поповолна во однос на август 2020 година, а понеповолна во однос на истиот месец од 2019 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во септември изнесува 67,5% од нормалното искористување, што претставува раст споредено со претходниот месец кога изнесувало 67,0%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е намалена за 1,9 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во септември имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 20,2%, неизвесното економско окружување со 17,2%, недостигот на квалификувана работна сила со 16,5%, недоволната домашна побарувачка со 12,8%, финансиските проблеми со 9,1% и други фактори.

**Графикон 1.5:** Деловни тенденции во преработувачка индустрија




Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во септември 2020 година во однос на август 2020 година е понеповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни споредено со претходниот месец, а залихите на готови производи на месечна основа се намалени.

# Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во септември 2020 година издадени се вкупно 248 одобренија за градење, што претставува раст од 15,9% во однос на септември 2019 година. Споредено со претходниот месец, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 34,8%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во септември е за 65,2% повисока во однос на истиот месец од 2019 година, а за 3,5% споредено на месечна основа.

**Графикон 1.6:** Одобренија за градење и вредност на работите *(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 139 (или 56,1%) се наменети за објекти од високоградба, 33 (или 13,3%) за објекти од нискоградба и 76 (или 30,6%) за реконструкција на објекти.

**Графикон 1.7:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(септември 2020)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 248 издадени одобренија за градба, на 161 објект (или 64,9%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 87 објекти (или 35,1%) инвеститори се деловни субјекти.

**Графикон 1.8:** Предвидена вредност на објектите по региони *(во милиони денари)*




Со издадените одобренија за градење во септември 2020 година предвидена е изградба на 557 станови, со вкупна корисна површина од 45.427 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е намален за 4,3%, а споредено со септември 2019 година е трипати повисок.

## Инфлација

Потрошувачките цени во септември 2020 година се зголемија за 1,9% во однос на септември 2019 година. Забрзувањето на растот на стапката на инфлација произлегува од зголемувањето на цените на храната и енергијата (цената на електричната енергија се зголеми во август за 7,4%, со одлука на РКЕ), додека претходниот месец цените регистрираа раст од 1,5% на годишно ниво.

**Графикон 1.9:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – септември 2020 година изнесува 0,9% и истата е стабилна со најголем придонес од промените на цените на храната. Цените на храната во септември се зголемија и на светските пазари, четври месец по ред, предводено од наглото поскапување на растителните масла и житариците, притоа неизвесни се и движењата на светските цени на примарните производи поради економските ефекти што произлегуваат од пандемијата на ковид-19.

**Графикон 1.10:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Во септември 2020 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 3,1% на годишно ниво. Зголемувањето се должи на пораст на цените во повеќе поткатегории, а најмногу на цените на Овошјето и Маслото. Највисок годишен раст на цените во септември 2020 година е забележан во категоријата Домување, вода, електрика, гас и други горива од 4,7%, следен со порастот на цените на Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,5%, Разновидни стоки и услуги од 3,5%, Ресторани и хотели од 2,3%, Здравствена заштита од 1,3%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 0,7% и Рекреација и култура и Образование од по 0,5%.

Пад на годишно ниво е регистриран во категориите: Транспорт од 6,5% и Облека и обувки од 0,1%. Цените во категоријата Транспорт континуирано бележат пад што се должи на падот на цените на нафтата од јануари годинава, што е резултат на остриот пад на побарувачката поради карантините низ целиот свет предизвикани од пандемијата на ковид-19.

Потрошувачките цени во септември 2020 година оствариja пад од 0,2% на месечно ниво (претходниот месец беше регистрирано зголемување од 0,5%). Намалување на цените на месечно ниво е регистриран во категориите: Транспорт од 3,3%, Рекреација и култура од 3,0% и Ресторани и хотели од 1,3%.

Најголем раст на цените на месечно ниво е регистриран и во категориите: Облека и обувки од 0,9%, Разновидни стоки и услуги од 0,6%, Образование од 0,5% и Храна и безалкохолни пијалаци од 0,3%.

Цените на мало во септември 2020 година во однос на истиот месец претходната година се зголемија за 1,0%, додека на месечна основа се намалија за 1,1%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во септември 2020 година споредено со август 2020 година се намали за 7,2% и изнесува 41,1 долари за барел, по нагорниот тренд на цената во изминатите четири месеци, откако во април го достигна дното (Графикон 1.11.), кога индустријата и економската активност во светот беа силно погодени од ограничувачките мерки за спречување на ширењето на коронавирусот.

**Графикон 1.11:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во однос на истиот месец од 2019 година, цената на нафтата се намали за 34,1%. Природниот гас кон крајот на 2019 година започна со тренд на надолно движење на цената, сè до почетокот на третиот квартал од 2020 година, кога неговата цена почна да забележува постепено зголемување. Така, во септември цената на природниот гас се зголеми за 0,7% на месечна основа, по високиот раст од над 30% во август.

Слично како и патеката на цената на нафтата, цената на никелот бележи нагорен тренд по достигнувањето на дното во април, во услови на постепено закрепнување на индустриската активност, тренд којшто продолжи и во септември со раст на цената од 2,2% во однос на август. Во однос на септември 2019 година, цената на никелот се намали за 15,9%. Покрај никелот, месечен раст на цената во септември забележаа и другите основни метали, освен оловото, чијашто цена опадна за 3,2%. Така, цената на бакарот се зголеми за 3,2%, на калајот за 1,7%, на цинкот за 1,3% и на алуминиумот за 0,4%. Во септември 2020 година, цената на железната руда порасна за 2,2% на месечно ниво.

Во однос на благородните метали, златото, коешто во август достигна највисока цена на светските берзи во историјата, во септември бележи пад на цената од 2,4% во однос на август. Месечен пад на цената има и кај другите благородни метали, односно, цената на среброто се намали за 4,7%, а на платината за 3,5%.

**Графикон 1.12:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Цената на пченката на светските берзи во септември 2020 година на месечна основа се зголеми за 11,2%, а цената на пченицата за 5,1%, што се одразува и врз порастот на цената на прехранбените производи во земјата.

## *2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешнотрговска размена во првите девет месеци од 2020 година изнесува 9.396,0 милиони евра и бележи пад од 14,1% во однос на истиот период од минатата година. Падот на надворешнотрговската размена главно е одраз на влошеното меѓународно окружување и падот на надворешната побарувачка, коишто се последица на ширењето на пандемијата предизвикана од коронавирусот.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - септември 2020 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е намалено за 3,4 п.п. споредено со истиот период од претходната година, и изнесува 59,9%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите девет месеци од 2020 година изнесува 25,8% и е намалено за 2 п.п. во однос на истиот период од 2019 година.

[1] Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари – септември 2020 година изнесува 4.056,5 милиони евра и бележи пад од 15,2% (727,6 милиони евра) во однос на истиот период од 2019 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 14,4%.

Вредноста на извезените стоки во септември 2020 година изнесува 586,6 милиони евра и бележи раст од 4,0% (22,7 милиони евра) во однос на истиот месец минатата година, по растот од 0,1% во август 2020 година. На растот на извозот во последните два месеца му претходеше шестмесечен пад како резултат на пандемијата предизвикана од коронавирусот. Физичкиот обем на извозот остана на исто ниво во споредба со септември минатата година.

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Анализирано на месечно ниво, во септември 2020 година извозот бележи раст од 17,1% (85,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 2,1%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (15,0 п.п.) врз извозот во овој месец.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - септември 2020 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 44,5% од вкупниот извоз на државата.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

[2] Стандардна меѓународна трговска класификација



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk




Анализирано според економските групации[3] на земјите, во периодот јануари - септември 2020 година споредено со истиот период од 2019 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕФТА, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕУ 27, Организација на земјите-извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан и Северноамериканска зона на слободна трговија. Извозот во ЕУ 27 бележи пад од 17,3% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи пад од 16,5%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 76,9% и 11,3%, соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - септември 2020 година изнесува 5.339,5 милиони евра и бележи пад од 13,2% (812,7 милиони евра) во однос на истиот период од 2019 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 1,1%.

Вредноста на увозот во септември 2020 година изнесува 673,2 милиона евра и бележи раст од 3,1% (19,9 милиони евра) во однос на истиот месец од 2019 година, по

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

шестмесечниот пад на истиот поради здравствената криза предизвикана од коронавирусот. Увезените количини стоки се зголемени за 10,6%.

Анализирано на месечно ниво, во септември 2020 година, увозот бележи раст од 11,6% (69,9 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 9,0%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (2,6 п.п.) врз увозот овој месец.

**Графикон 2.5:**Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2019 | I-IX-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 38,0 | 51,1 | 13,0 | 34,3 |
| Мил. ЕУР | 1.009,2 | 788,9 | -220,3 | -21,8 |
| Мил.$ | 1.133,5 | 895,4 | -238,1 | -21,0 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2019 | I-IX-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 29,6 | 22,4 | -7,1 | -24,2 |
| Мил. ЕУР | 163,1 | 78,9 | -84,2 | -51,6 |
| Мил.$ | 183,2 | 88,8 | -94,4 | -51,5 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2019 | I-IX-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 566,1 | 529,3 | -36,8 | -6,5 |
| Мил. ЕУР | 434,7 | 406,2 | -28,5 | -6,6 |
| Мил.$ | 488,0 | 457,0 | -30,9 | -6,3 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2019 | I-IX-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 623,9 | 591,0 | -32,9 | -5,3 |
| Мил. ЕУР | 323,9 | 126,1 | -197,8 | -61,1 |
| Мил.$ | 364,0 | 142,0 | -222,1 | -61,0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2019 | I-IX-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 58,0 | 45,6 | -12,4 | -21,4 |
| Мил. ЕУР | 714,7 | 583,2 | -131,5 | -18,4 |
| Мил.$ | 802,5 | 659,9 | -142,7 | -17,8 |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2019 | I-IX-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 51,7 | 44,3 | -7,3 | -14,2 |
| Мил. ЕУР | 558,8 | 166,0 | -392,8 | -70,3 |
| Мил.$ | 627,7 | 187,0 | -440,7 | -70,2 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - септември 2020 година, трговскиот дефицит се намали за 6,2% односно 85,0 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во септември 2020 година, трговскиот дефицит се намали за 3,1% односно 2,7 милиони евра споредено со септември 2019 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од намалувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки и горива и мазива. Од друга страна, кон зголемување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот

во размената со стоки за широка потрошувачка, стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци, како и намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - септември 2020 година, 89,5% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Србија, а потоа следуваат: Турција Грција, Италија, САД, Полска, Русија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија и Холандија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 88,7% од трговската размена во периодот јануари - септември 2020 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2019 година претставува зголемување за 4,6 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 91,8% и 86,3%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 0,8 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 5,6 п.п. во однос на периодот јануари - септември 2019 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - I X- 2019 | | | | | I - IX - 2020 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 6.991,4 | 9.937.066.732 | 61,5054 | 611.183.264.165 | 80,8 | 3.312,8 | 4.610.205.207 | 61,6672 | 284.298.446.557 | 86,3 | -5.326.861.525 | -53,6 |
| УСД | 3.213,9 | 2.527.237.012 | 54,7448 | 138.353.084.774 | 18,3 | 1.738,1 | 760.951.992 | 54,9319 | 41.800.538.754 | 12,7 | -1.766.285.020 | -69,9 |
| ГБП | 6,4 | 37.886.785 | 69,6751 | 2.639.765.556 | 0,3 | 2,5 | 13.799.964 | 69,7947 | 963.164.371 | 0,3 | -24.086.821 | -63,6 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 10.211,7 | | | 752.176.114.494 | 99,0 | 5.053,4 | | | 327.062.149.682 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 10.238,7 | | | 756.777.806.343 | 100,0 | 5.064,6 | | | 329.261.429.345 | 100,0 | | -56,5 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# *3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - септември 2020 година изнесуваа 136.035 милиони денари, односно 20,4% од БДП, што претставува пониско остварување за 7,5% во однос на истиот период од 2019 година и ја отсликува намалената економска активност како резултат на здравствено-економската криза.

Даночните приходи се реализирани во износ од 74.739 милиони денари и во однос на истиот период од 2019 година се намалени за 11,2%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 32.917 милиони денари, што претставува намалување од 12,9% во однос на периодот јануари - септември 2019 година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 44,0%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто-износ од 51.845 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 18.927 милиони денари (бруто-наплатата е пониска за 9,0%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 1,3% споредено со јануари - септември 2019 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува пониско остварување за 11,5%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа намалување од 3,3%.

Акцизите се остварени во износ од 15.946 милиони денари (учество од 21,3% во даночните приходи), што претставува намалување од 17,1% во споредба со истиот период од 2019 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 48.863 милиони денари, што претставува 65,4% од вкупните даночни приходи во периодот јануари - септември 2020 година.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 12.892 милиона денари и бележат пад од 2,5% на годишна основа, при што 69,1% од приходите се од плата и други лични примања, 7,8% од приходи од капитал, 6,6% од приходи по основ на договор на дело, 5,1% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 11,4% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 7.859 милиони денари и забележаа помало остварување за 13,6% во однос на истиот период претходната година, при што данокот по месечни аконтации се намали за 11,7%, намалување од 38,4% се забележува кај даночните биланси, додека данокот на добивка по основ на дивиденди и др. распределба е зголемен 3 пати.

Приходите од царина се остварени во износ од 4.763 милиони денари и забележаа зголемување од 9,3%. Приходите од други даноци со остварен износ од 362 милиона денари забележаа намалено остварување за 18,1% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси, во услови на раст на просечната плата се остварени во износ од 48.425 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 7,6% споредено со истиот период од 2019 година, и покрај економската криза. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 8,0%, кај придонесите за здравствено осигурување за 6,8% и кај придонесите за вработување за 5,5%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 8.198 милиони денари и во однос на анализираниот период од 2019 година забележаа пониско остварување за 36,3% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 1.524 милиони денари, што е зголемување од 15,1% во однос на периодот јануари – септември минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 2.347 милиони денари и се намалени за 8,2% во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – септември 2020 година изнесуваа 171.900 милиони денари, односно 25,8% од БДП, што е за 10,7% повеќе во однос на истиот период од 2019 година. Високите расходи се резултат на мерките преземени за справување со здравствено-економската криза.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 163.287 милиони денари учествуваа со 95,0% и се зголемени за 11,3% во однос на истиот период од 2019 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 22.231 милион денари што претставува зголемување за 8,3% во однос на периодот јануари - септември претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 12,9%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 10.632 милиона денари и споредено со истиот период од 2019 година забележаа намалување од 4,4%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 123.993 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 14,3% споредено со истиот период од 2019 година и истите учествуваа со 72,1% во вкупните расходи.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 86.923 милиони денари, забележаа зголемување од 8,2% и учествуваа со 50,6% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 51.768 милиони денари, што е зголемување

за 5,9% споредено со истиот период од 2019 година и учествуваат со 30,1% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, коишто ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 20,1%, односно се зголемија за 27,4% и се реализирани во износ од 34.546 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 14.172 милиона денари забележаа зголемување од 14,5% во споредба со периодот јануари - септември претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 18.617 милиони денари што е за 42,9% повеќе споредено со истиот период минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 6.431 милион денари, што е за 1,5% помалку во споредба со истиот период од 2019 година. Расходите за камати од домашно задолжување се зголемени за 8,4%, додека каматите од странско задолжување се намалени за 5,4%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 8.613 милиони денари со структурно учество од 5,0% во вкупните расходи, при што забележаа повисока реализација за 0,7% во споредба со периодот јануари - септември 2019 година. Највисоко ниво на капитални расходи е остварено преку разделот Министерство за финансии – функции на држава, во износ од 2.302 милиона денари, односно 54,1% од планираните за 2020 година, а износ од над 1 милијарда денари капитални расходи остварило и Министерството за транспорт и врски (1.271 милион). Како процент на реализација, од буџетските корисници со позначителен износ на капитални расходи се издвојува Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, којашто во периодот јануари – септември 2020 година остварила 89,6% од планираните капитални расходи, односно 979 милиони денари.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – септември 2020 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 35.865 милиони денари, што претставува 5,4% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 35.679 милиони денари и претставува 5,36% од БДП.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чијшто вкупен годишен буџет изнесува 85,9% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Во периодот јануари – септември 2020 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] реализирани се 26.312 милиони денари што

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски

претставува 45,1% од предвидените за 2020 година. Отплатата на главнина (14.899 милиони денари) е главна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 56,6%. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 24,4% од вкупните расходи, за што се реализирани 6.428 милиони денари, или 77,6% од вкупниот буџет за оваа намена.

**Графикон 3.3:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари - септември 2020 година)*




Извор: МФ.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари - септември 2020 година реализираше 38.171 милион денари или 74,3% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (69,7%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до буџетските фондови, за што се потрошени 26.617 милиони денари или 75,8% од средствата наменети за 2020 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 22,1% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 72,5% (8.442 милиона денари) од планираните за 2020 година.

Министерството за образование и наука во периодот јануари - септември изврши буџетски средства во износ од 17.731 милион денари, што е 69,6% од вкупниот буџет за 2020 година. Најголем дел од расходите (67,9%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 12.037 милиони денари или 74,2% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,6%, за што се потрошени 2.759 милиони денари, односно 73,2% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во анализираниот период реализираше вкупно 8.797 милиони денари, односно 44,6% од планираните средства за 2020 година. Притоа, субвенциите и трансферите коишто учествуваат со 93,5% во вкупните расходи на овој буџетски корисник беа реализирани во износ од 8.223 милиони денари (45,0% од предвидените средства).

Во анализираниот период, од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 7.607 милиони денари, што претставува 67,2% од сопствениот буџет за 2020 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 79,2%, за што се потрошени 6.023 милиони денари или 74,6% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 15,6%, за што се реализирани 1.186 милиони денари или 58,9% од годишниот план.

институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

Во периодот јануари - септември 2020 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 6.851 милион денари што претставува 76,4% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, кои учествуваат со 88,8% во вкупните расходи, реализирани се 84,1% од планираните средства или 6.081 милион денари.

Министерството за одбрана во првите девет месеци од 2020 година реализираше буџетски средства во износ од 5.127 милиони денари, што е 61,7% од вкупниот буџет за оваа година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество во расходите со 59,4%, за што во периодот јануари – септември 2020 година се реализирани 3.046 милиони денари (74,7% од вкупно предвидените средства за тековната година). Расходите за стоки и услуги учествуваат со 23,2% во вкупните расходи, за што во анализираниот период потрошени се 1.192 милиона денари, односно 58,1% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во периодот јануари – септември 2020 година изврши буџетски средства во износ од 4.789 милиони денари, што е 64,6% од вкупниот буџет за 2020 година. Тековните трансфери до буџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 46,0%, за што во овој период потрошени се 2.205 милиони денари или 57,9% од средствата наменети за 2020 година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 44,1% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 2.111 милиони денари, односно 75,8% од вкупно предвидените.

Министерството за транспорт и врски во овој период реализираше средства во износ од 1.807 милиони денари, што е 55,2% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 51,7% од предвиденото (1.271 милион денари), а учествуваат со 70,3% во вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Новоработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во периодот јануари - септември 2020 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 125.379 нови засновани работни односи. Вкупниот број новоработени е понизок за 15,4% во однос на јануари - септември 2019 година.

Од вкупниот број новоработени, 43,9% се вработени на неопределено време, додека другиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски

работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во септември 2020 година, 32,0% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во септември 2020 година изнесува 233.847, од кои 151.359 се активни баратели на работа, а 82.488 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е зголемен за 24,0%. Силниот пораст на невработеноста што започна од април е предизвикан од здравствено-економската криза, којашто негативно влијаеше врз вработеноста во најмногу погодените сектори. Бројот на невработени лица се зголемува континуирано од јануари годинава, како резултат на активните баратели на работа, додека бројот на останатите невработени во истиот период бележи надолен тренд.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Најголем дел од активните невработени лица (64,1%) се градско население, а според половата структура 49,9% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 62,5% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 27,2% се со завршено средно образование, додека 10,3% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 50,8% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 45,6% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 4,2% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во август 2020 година оствари годишен раст од 9,6%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,1%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (20,4%), Земјоделство, шумарство и рибарство (16,9%) и Дејности на здравствена и социјална заштита (13,2%). Реалните плати во август забележаа годишен раст од 8,0%. По нешто побавниот номинален раст во април и мај, нето-




MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

платите продолжија со високите стапки на раст и покрај здравствено-економската криза.

Просечната номинална бруто-плата во август 2020 година оствари годишен раст од 10,0%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,1%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (20,5%), Земјоделство, шумарство и рибарство (15,7%) и Дејности на здравствена и социјална заштита (13,4%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 8,5%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

## Пензии

Во септември 2020 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 321.675 пензионери, што претставува зголемување од 0,5% во однос на истиот месец минатата година. Од вкупниот број пензионери, 67,2% се корисници на старосна пензија, 22,7% се корисници на семејна пензија и 10,1% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во септември 2020 година изнесува 15.491 денар и е за 6,3% повисока во однос на истиот месец минатата година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во август 2020 година (последни расположливи податоци) изнесува 56,6%.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.

Просечната старосна пензија во септември изнесува 16.728 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 14.004 денари, а просечната семејна пензија 12.487 денари. За исплата на пензиите во септември 2020 година се

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

потрошени 4.747 милиони денари, што претставува 48,5% од вкупните социјални трансфери.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во септември 2020 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на постојното ниво од 1,5%, откако претходно ја намали каматната стапка на благајничките записи во три наврати од почетокот на годината поради условите коишто произлегуваат од пандемијата на ковид-19 и мерките за спречување на ширењето на вирусот, коишто неповолно влијаат како врз глобалната така и врз домашната економија. Целта на намалувањето на основната каматна стапка до нивото од 1,5%, како и досегашното позначајно намалување на понудениот износ на благајнички записи, придонесе за натамошно зголемување на ликвидноста на банкарскиот систем и поддршка на кредитните текови во економија, односно одржување на кредитниот циклус и ублажување на ефектите од негативниот шок врз домашната економија.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

## Примарни пари

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити ( септември 2020 година)




Извор: НБРСМ.

Во септември 2020 година, примарните пари[6] регистрираа раст од 11,1%, споредено со септември 2019 година. Растот на примарните пари се должи на зголемувањето на готовите пари во оптек за 18,6% и растот на вкупните ликвидни средства за 4,9%. На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 2,1%, што е резултат на растот на вкупните ликвидни средства на банките за 5,0% додека готовите пари во оптек се намалија за 0,8%.

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

## Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките во септември 2020 година се зголемија за 0,7% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 1,2%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 1,0%.

Од аспект на валутата, во септември 2020 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 1,2%, а депозитите во странска валута останаа непроменети.

Вкупниот депозитен потенцијал во септември 2020 година оствари раст од 6,1% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 5,3% и 7,5%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 10,5% и 6,1%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 5,2%, а долгорочните депозити се намалија за 6,5%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 60,0%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (септември 2020 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **418.644** | **0,7%** | **6,1%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *251.342* | *1,2%* | *5,3%* |
| *Странска валута* | *167.302* | *0,0%* | *7,5%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *176.077* | *-0,3%* | *5,2%* |
| *Долгорочни* | *102.239* | *0,8%* | *-6,5%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **352.824** | **0,8%** | **7,3%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *206.688* | *1,0%* | *7,2%* |
| *Странска валута* | *146.136* | *0,4%* | *7,4%* |
| Според рочност: | | | |

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Краткорочни* | *54.579* | *-0,9%* | *-5,1%,* |
| *Долгорочни* | *281.851* | *1,2%* | *11,4%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *11.756* | *0,1%* | *-25,7%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во септември 2020 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор регистрираа раст од 0,8% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата се зголемија за 0,3%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 1,2%. Од аспект на валутата, во септември 2020 година, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 1,0%, а девизните кредити овој месец регистрираа раст од 0,4%.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

На годишна основа, во септември 2020 година вкупните кредити се зголемија за 7,3%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 9,5% и раст на кредитите кон претпријатијата од 4,7%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 7,2%, а кредитите во странска валута за 7,4%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 11,4%, а краткорочните кредити се намалија за 5,1%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во септември 2020 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,03 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,70%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,02 п.п. и изнесува 5,11%, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,04 п.п. и изнесува 4,22%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во септември 2020 година изнесува 0,98% и е намалена за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити изнесува 1,39% и е намалена за 0,02 п.п. во однос на минатиот

месец, а каматната стапка на девизните депозити е намалена за 0,01 п.п. и изнесува 0,55%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во септември 2020 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 25,1% на месечно ниво како резултат на растот на прометот од класичното тргување за 89,2%, додека прометот од блок трансакциите се намали за 81,3%.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во август 2020 година изнесуваше 408,4 милиони денари и истиот е намален за 44,2% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на септември 2020 година изнесуваше 4.485,18 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 6,6%, а во однос на истиот месец претходната година регистрираше раст од 3,6%.

## Девизни резерви

Бруто-девизните резерви на крајот на септември 2020 година изнесуваа 3.480,21 милион евра и во однос на претходниот месец се зголемија за 2,2%, а во однос на септември 2019 година регистрираа раст од 11,3%.